**20231132120**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на член 106, а во врска со член 84 и член 171 став 6, а во врска со член 119 став 3 алинеја 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 249/21, 99/22, 236/22 и 63/23), министерот за труд и социјална политика донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ, ОБЕМОТ, НОРМАТИВИТЕ И СТАНДАРДИТЕ ЗА ДАВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА УСЛУГА ОДМЕНА НА СЕМЕЈНА ГРИЖА И ЗА ПРОСТОР, СРЕДСТВА, КАДРИ И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ЦЕНТАР ЗА ОДМЕНА НА СЕМЕЈНА ГРИЖА

Член 1

Во Правилникот за начинот, обемот, нормативите и стандардите за давање на социјалната услуга одмена на семејна грижа и за простор, средства, кадри и потребна документација за центар за одмена на семејна грижа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 53/21), по членот 26 се додава нова глава „II-а. НОРМАТИВИ И СТАНДАРДИ ЗА ПРОСТОР, СРЕДСТВА, КАДРИ И ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ДАВАЊЕ НА УСЛУГАТА ЗА ОДМЕНА НА СЕМЕЈНА ГРИЖА ВО ДОМОТ НА КОРИСНИКОТ“ и три нови члена 26-а, 26-б и 26-в, кои гласат:

„II -а. НОРМАТИВИ И СТАНДАРДИ ЗА ПРОСТОР, СРЕДСТВА, КАДРИ И ПОТРЕБНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ДАВАЊЕ НА УСЛУГАТА ЗА ОДМЕНА НА СЕМЕЈНА ГРИЖА ВО ДОМОТ НА КОРИСНИКОТ

Член 26-а

Здружение и физичко лице кое врши работи од социјална заштита како професионална дејност, за давање на социјалната услуга одмена на семејна грижа на лице кое се грижи за зависниот член во семејство, треба да обезбеди една административна просторија од најмалку 5 м2, опремена со работна маса и работна столица, компјутер, печатар и административен орман, доколку услугата одмена на семејна грижа ја дава само во домот на корисникот/зависниот член.“

Член 26-б

Здружение за давање на социјалната услуга одмена на семејна грижа на лице кое се грижи за зависниот член во семејство, треба да има најмалку едно стручно лице со општа лиценца за вршење стручни работи, и тоа од следните стручни кадри: социјален работник или дефектолог/специјален едукатор и рехабилитатор, како и еден негувател кој поседува сертификат за завршена основна обука за нега и ги исполнува нормативите и стандардите за давање на социјалната услуга од член 25 од овој правилник, доколку услугата одмена на семејна грижа ја дава само во домот на корисникот/зависниот член.

Член 26-в

Физичко лице кое врши работи од социјална заштита како професионална дејност за давање на социјалната услуга одмена на семејна грижа на лице кое се грижи за зависниот член во семејство, треба да има сертификат за завршена основна обука за нега и ги исполнува нормативите и стандардите за давање на социјалната услуга од член 25 од овој правилник, доколку услугата одмена на семејна грижа ја дава само во домот на корисникот/зависниот член.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 10-4099/1
30 мај 2023 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Јованка Тренчевска**, с.р.